Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) најавува две летни школи на темите: човекови права, недискриминација, еднаквост и толеранција кои ќе се одржат во јули и во септември оваа година. **Повикот за пријавување е отворен до 10 јуни 2022 година.**




Главна цел на летните школи е да се зголеми знаењето и искуството на младите во областите на човековите права и заштита на човековите права на национално и регионално ниво, механизмите за заштита од дискриминација, еднаквост и толеранција.

Со нив ќе се подигне свеста на учесниците за појавите и ефектите од дискриминација и за бенефитите од мултикултурното општество. На овој начин ќе се креира критична маса на идни млади активисти и практичари.

Првата летна школа ќе биде организирана во периодот од 30 јуни до 3 јули 2022 година, а втората од 1 до 4 септември 2022 година во Охрид и/или Струга. Точната локација ќе биде дополнително договорена. Летните школи им се наменети на студентите, младите професионалци и активисти, младите од Северна Македонија на возраст од 18 до 30 години со интерес во дадените теми. Можност за учество ќе имаат вкупно 40 учесници.

**Повеќе информации за пријавувањето погледнете во огласот .**

Летните школи се дел од проектот „Комисијата за антидискриминација ја извршува својата превентивна и заштитна улога“, кој го спроведува МЦМС, а финансиски е поддржан од Европската Унија.